# ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Заштитата на животната средина е составен дел од секој процес во нашата Компанија, согласно барањата на Стандардот **ISO 14001:2015.**

Основни принципи за Животна Средина во ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО Кавадарци се:

- да ги идентификуваме, оцениме и намалиме сите влијанија и ризици врз животната средина произлезени од нашите активности;
- континуирано да ја подобруваме нашата Животна Средина (воздух,вода, почва);
- да се усогласиме со сите домашни и европски закони и регулативи за заштита на животната средина.

Со цел исполнување на нашите основни принципи, се ангажираме:

- да ги идентификуваме сите аспекти на животната средина, да ги контролираме и следиме значајните аспекти;
- да дефинираме и спроведеме интерни правила, кои не се предвидени со законските прописи, но се утврдуваат поради унапредување на системот за управување со животната средина;
- да ја развиваме свесноста за животната средина преку комуникација и обуки на Вработените за превентивно делување и континуирано подобрување на заштитата на Животната Средина;
- да штедиме ресурси и енергија, во согласност со принципите за Одржлив Развој;
- да ги земаме во предвид мислењата и сугестиите на сите заинтересирани страни и да превземаме соодветни мерки за подобрување на животната средина.

Подрачје на примена: Преработка на никлоносна руда и производство на фероникел.

Кавадарци, 21/02/2020

**Postal address**: v.Vozarci PO Box 53, 1430 Kavadarci, Republic of North Macedonia;
tel. +389 43 410 434; +389 43 421 904
E-mail: info@euronickel.com